Друштво за трговија и услуг
АГРОМЕХАНИКА АД увоз - извоз
Бр.0304-269/3
28.05.2012год.
СКОПЈЕ

**Друштво за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД увоз-извоз Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2011 година

## I. ВОВЕД

Согласно Измените и дополнувањата на Законот за трговски друштва објавени во Сл. Весник на РМ бр. 48/2010, во акционерски друштва кои согласно одредбите на овој закон се третираат како голем трговец, како и во друштва чии акции котираат на берза, односно друштва кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, постои законска обврска за организирање служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото. Согласно овие Измени и дополнување на Законот за трговски друштва, предвидено е дека одредбите кои се однесуваат на Службата за внатрешна ревизија ќе се применуваат од 01 јануари 2011 година. АГРОМЕХАНИКА АД увоз-извоз Скопје ги исполнуваше условите предвидени во споменатата законска регулатива, следствено, во организациската структура на друштвото беше формирана посебна Работна единица за внатрешна ревизија.

## II. СПРОВЕДЕНИ КОНТРОЛИ

Службата за внатрешна ревизија во АГРОМЕХАНИКА АД увоз-извоз Скопје во 2011 година ги реализираше следниве активности ( оваа служба во текот на споменатиот период функционираше со еден вработен т.е. Раководителот на службата, кој ги извршуваше и оперативните и ревизорските активности соодветно наведени во изработениот план ):

- **Изработка на план за внатрешна ревизија**

Согласно изготвениот план Контролата беше организирана генерално на ниво на Друштвото и тоа во однос на:

- Контрола на почитување на законската рамка на дејноста
- Контрола на почитување и спроведување на политиките на друштвото
- Контрола на почитување и спроведување на Одлуките на Органите на управување

Понатаму контролите по процеси во друштвото врз основа на спроведена проценка на ризици, беше предвидено да се спроведат во следниве процеси:

- Процес на пресметка на плати
- Процес на нови вработувања

•

Согласно процедурите за организација на работењето на

Службата за внатрешна ревизија Планот беше доставен до Надзорниот одбор на друштвото на разгледување и одобрување и истиот беше прифатен, со што беше и верификуван официјално почетокот на спроведувањето на предвидените контроли.

Во однос на предвидените контроли во дефинираните процеси во Друштвото се реализираа следниве контроли:

- **ПРОЦЕС НА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТИ**

  Реализирани се четири контроли на пресметка и исплата на плати на вработените во Друштвото.

- **ПРОЦЕС НА НОВИ ВРАБОТУВАЊА**

  Процесот на нови вработувања беше предмет на контрола и Службата за внатрешна ревизија констатира едно вработување во 2011 година.

Службата за внатрешна ревизија,во текот на спроведување на сите контроли, тековно и периодично реферираше до Надзорниот одбор за тековните активности, и редовно одржуваше комуникација и обавуваше консултации со Раководителите на процесите кои беа предмет на внатрешна контрола.

**Скопје, Мај 2012**

**Раководител на Службата**
**за внатрешна ревизија**

Службата за внатрешна ревизија Планот беше доставен до Надзорниот одбор на друштвото на разгледување и одобрување и истиот беше прифатен, со што беше и верификуван официјално почетокот на спроведувањето на предвидените контроли.

Во однос на предвидените контроли во дефинираните процеси во Друштвото се реализираа следниве контроли:

- **ПРОЦЕС НА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТИ**

  Реализирани се четири контроли на пресметка и исплата на плати на вработените во Друштвото.

- **ПРОЦЕС НА НОВИ ВРАБОТУВАЊА**

  Процесот на нови вработувања беше предмет на контрола и Службата за внатрешна ревизија констатира едно вработување во 2011 година.

Службата за внатрешна ревизија,во текот на спроведување на сите контроли, тековно и периодично реферираше до Надзорниот одбор за тековните активности, и редовно одржуваше комуникација и обавуваше консултации со Раководителите на процесите кои беа предмет на внатрешна контрола.

**Скопје, Мај 2012**

**Раководител на Службата**
**за внатрешна ревизија**